СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и деветтата на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 април 1992 година

Скопје, април 1992 година

**ДКСКУТАНТИ НА 39-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 26 АПРИЛ 1992 г.**

Дневен ред на седницата на стр. 20.

1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 2, 20,.. 60, 61, 70, 71
2. АЛИУ ЕШРЕФ - 43, 67
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 45, 59
4. АЛИУ ХАМИД - 46
5. БОЈКОВСКИ ЃОРЃИ - 63
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 51
7. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР - 26
8. ДАВЧЕВ САНДЕ - 42
9. ЃОРЃЕСКИ ДУШКО -60
10. ЖУТА БЕЌИР - 31, 64
11. КЉУСЕВ НИКОЛА – 3-20,( Експозе- Клучни закони од областа на монетарното осамостојување, Антиинфлациона прогр.) 46, 42
12. ИВАН ИВАНОВ - 48, 56, 64
13. ИВАНОВСКИ СИМЕОН – 58, 55[а]
14. МАНЕВ ЕФТИМ - 41
15. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 43
16. НАУМОВСКИ СИМЕОН - 58
17. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 66
18. ПЕТРЕВСКИ ГОЦЕ - 50
19. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 60, 67, 68
20. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 27, 39, 40, 54, 62
21. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 52
22. САБРИУ ИЛИЈАЗ - 59, 68
23. СТАНКОВСКИ РИСТО - 68
24. ТОШЕВСКИ МЕТОДИЈА - 40, 41, 42, 47, 49

КРАЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 април 1992 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 19,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Дами и господа пратеници, ја отворам Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Ковачевски, Љупчо Јаќимовски, Томислав Стојановски, Наиф Мустафа, Панче Насев и Димитар Поповски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На пратениците од православна вероисповест им се извинувам што на празникот Велигден сме во такви околности што треба да работиме но исто така го изразувам и нивното убедување дека задачата пред која се наоѓаме е таква што добро е што и денес работиме.

Истовремено на пратениците од православната вероисповест им го честитам овој голем празник, а исто така и на сите верници од православна вероисповест во Република Македонија.

За седницата поканети се и присуствуваат претседателот на Република Македонија и претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

По барање на Владата на Република Македонија ја свикав Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија на која треба да ги разгледаме и донесеме актите за монетарно осамостојување на Република Македонија, со што се врши и целосно заокружување на самостојноста, сувереноста и независноста на Републиката, како и антиинфлаторната програма.

Експозе по актите за монетарно осамостојување на Република Македонија и антиинфлаторната програма и за потребата од нивното итно донесување ќе поднесе претседателот на Владата на Република Македонија, д-р Никола Кљусев.

Пред да му дадам збор на претседателот на Владата, предлагам да го утврдиме дневниот ред или навистина некој ќе ја оспорува итноста па да го ислушаме прво Експозето на претседателот на Владата.

**НЕКОЛКУ ГЛАСОВИ:** (од место)

Да го ислушаме прво експозето.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Тогаш му давам збор на претседателот на Владата на Република Македонија д-р Никола Кљусев.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Господине претседателе,

Почитувани пратеници,

Во согласност со новиот Устав на Република Македонија и со утврдените рокови за неговото спроведување, Владата на Република Македонија за денешнава седница ви предлага донесување на неколку клучни закони од областа на монетарното осамостојување на нашата Република, како и бројни други акти во областа на девизниот режим, јавната потрошувачка, платите, политиката на цените и социјалната заштита на населението.

Сите овие прописи се делови на една интегрална целина на стабилизациони мерки, чиј прв дел е конципиран како Антиинфлаторна програма и ќе важи во наредните 6 месеци. Во овој период треба да се обезбедат услови за стивнување на бројните материјални и други жаришта на макроекономската нестабилност. Се работи за нарушувања, чии размери достигнаа такво ниво кое веќе ги обезвреднува и досегашните резултати и ја парализира општествената репродукција, со сите други согледливи и несогледливи последици.

Во период од неполни три години минавме низ 2 хиперинфлации со месечни стапки на инфлацијата од 50 до 100%, што е необична појава и во светската економска историја. Оттука, борбата против хиперинфлацијата која го уништува социјалното ткиво на Републикава, нема алтернатива. Од тие причини Владата на Република Македонија објективно беше принудена

да посегне по редица сеопфатни мерки, меѓу кои и рестриктивни, со цел стопанството и населението да добијат здив, во кој пообјективно и

I/4



потемелно ќе се фундира и ќе се води макроекономската политика, врз нови основи, иманентни за самостојниот и суверен карактер на Република Македонија.

Впрочем, во сите стабилизациони програми на пазарните стопанства за борба против инфлацијата се применуваат такви па и многу поригорозни мерки (на пример, целосно замрзнување на цените и платите и слично што е присутно во многу земји во светот), што не е случај со оваа програма. Напротив, Владата останува на премисите на пазарната економија, но во овој период на транзиција и објективни економски и социјални тешкотии некои интервентни мерки се неопходни.

**Почитувани пратеници,**

Пред секоја голема пресвртничка фаза на развојот, во која сега се наоѓа Република Македонија, секоја одлука е исполнета со висок степен на политичка одговорност и нужна научна скрупула, бидејќи предизвикот е условен од бројни неизвесности, ограничувања и посакуваните квалитети во условите и начинот на живеењето.

Во процесот на репродукцијата и човековото битисување, Републиката се наоѓа во кризното дно, со сите разорни дејствија и последици. Реперкусиите од долгогодишната економска, политичка и воена криза на југословенскиот простор оставија застрашувачки последици врз нашето егзистенционално и социо- психолошко битие.

Југославија и фактички се распадна, се формираа независни држави. Меѓу нив е и нашата Република, која активно го бара и го чека своето меѓународно признавање.

Крвопролевањата во Словенија, Хрватска, а сега и во Босна и Херцеговина, предизвикани од неразумното однесување на дел од раководствата и институциите на Бившата Југославија и на одделни републики, нивните екстремни аспирации и насилништва доведоа скоро до целосно затворање на економските и вкупните текови, дезинтеграција на стопанствата и пазарот, блокади и силни други удари врз плеќите на обичниот граѓанин, што тој го чувствува преку невидената хиперинфлација

Сведоци сме дека, се употреби и се уште се употребува политиката на сила за решавање на споровите и конфликтите, наместо демократскиот дијалог и мирната разврска на југословенската криза, за што се залага целиот прогресивен свет.

Трошоците на војните се стравотни, ги погодија сите, па и нашата Република, која успеа да остане поштедена од војни, но не и од трошоците што се пренесоа и на нашето подрачје преку емисијата на пари за финансирање на војните во Југославија.

На овие процеси одделно влијание имаат и наметнатите блокади на македонскиот стопански простор, што е поврзано со меѓународното признавање на нашата Републики и пред се од северниот и јужниот сосед.

I/6

4

Според тоа, хиперинфлацијата во нашата Република е очигледно настаната од причини што беа вон од доменот и влијанието на оваа Влада, вон од волјата на македонскиот народ и нејзината макроекономска политика. Се работи и за долгогодишни наследени нарушувања во општествената репродукција на системот кој го напуштивме, со високи износ на долгови спрема странство и спрема населението, несоодветна стопанска структура градена врз еден друг застарен и неефикасен систем, која повлекува висок надворешно трговски дефицит и постоење други дефицити и дубиози.

**Почитувани пратеници,**

Владата на Република Македонија оценува дека сега се созреани условите и за монетарното осамостојување на Република Македонија и за донесувањето комплексна Антиинфлаторна програма со која треба да се елиминира хиперинфлацијата. Впрочем, во водењето на макроекономската политика Владата беше хендикепирана, зашто, поради објективната потреба беше принудена на досегашното останување во монетарниот остаток на бившата Југославија.

Затоа, за денешната седница на Собранието на Република Македонија, Владата предложи повеќе закони и подзаконски акти, кои значат монетарно осамостојување и воведување сопствена валута на Република Македонија, со што, покрај веќе донесените системски закони, се врши целосно заокружување на суверенитетот, самостојноста и независноста на Република Македонија. Заедно со ова, Владата на

Република Македонија предлага и соодветна Антиинфлаторна програма, која почнува да се спроведува заедно со монетарното осамостојување на Република Македонија.



Сакам да обрнам внимание на фактот дека заради операционализација на целиот овој зафат Владата веќе донесе над десетина одлуки и прописи од нејзина надлежност, кои ќе стапат во сила истовремено со усвојувањето на законите и одлуките што му ги предлагаме на Собранието на Република Македонија за денешнава седница. Да информирам дека донесените одлуки на Владата се однесуваат на:

- определување на највисокото ниво на цените на определени производи и услуги;
- формирањето на девизниот курс на новата македонска валута;
- начинот на пресметување и вршење на платниот промет со другите републики; и
- определување на постојани гранични премини на Република Македонија.

Почитувани пратеници,

Накратко ќе ги образложам оперативните активности во врска со монетарното осамостојување, како и самиот модел на Антиинфлаторната програма.

Од денеска, 26 април 1992 година,.со предложениот закон за паричната единица, Република Македонија воведува сопствена парична единица денар. Задоволство е да видите како се тие парични единици отпечатени.(Во салата се слушна силен аплауз, а претседателот на Владата Никола Кљусев на пратениците им ги покажа новите банкноти на

денарот). Меѓутоа,со оглед на сеуште недоволно обезбедените материјални претпоставки за нејзиното брзо воведување, како нормална валута, како и поради притисоците што можат да се очекуваа врз новата

I/8



валута во почетниот период на нејзиното заживување, Владата на Република Македонија предлага во овој преоден период да се воведат **вредносни бонови** издадени од Народната банка на Македонија, која ќе го подготви теренот за фактичко воведување на новата македонска валута, во рок од една година.

Замената на досегашните југословенски динари за новата парична единица на Република Македонија во однос 1:1 ќе се врши во наредните три дена, на сите шалтери на Службата за општественото книговодство, банките и поштите, кои за оваа цел ќе работат со продолжено работно време. За сите технички прашања околу замената, Народната банка на Македонија и Службата на општественото книговодство ќе издадат посебни детални упатства за запознавање на населението уште во текот на денешниот ден.

Во предложената Антиинфлаторна програма, Владата на Република Македонија се определи за елиминирање на хиперинфлацијата со примена на некои рестриктивни мерки. Применет е хетеродоксниот пристап, кој опфаќа неколку номинални сидра во монетарната политика, фискалната политика, политиката на доходот и политиката на девизниот курс.

Со реализацијата на Антиинфлаторната програма инфлацијата во периодот мај- декември 1992 година треба да се сведе на 92,3%, односно просечно месечно по 8,5%. Нормално е да се очекува дека во првиот месец стапката на инфлацијата ќе биде највисока (околу 45%), со тенденција на

опаѓање во наредните месеци и стабилизирање на ниво од 3 4% месечно кон крајот на годината.

Кои се основните постулати на оваа Антиинфлаторна програма?

**Првото** номинално сидро се мерките и инструментите за водење на рестриктивна монетарно кредитна политика, при што степенот на рестриктивност ќе биде 10%. Монетарните агрегати, чие остварување ќе се контролира се паричната маса, нето домашната актива на банките и растот на кредитите на деловните банки. Во таа функција ќе се води и политиката на примарната емисија. Сите овие монетарни агрегати ќе се движат под нивото на стапката на инфлацијата.

Есконтната стапка на Народната банка на Македонија ќе претставува основна каматна стапка и ориентир за формирање на другите камати. Притоа, ќе се води политика на реално позитивни каматни стапки, кои ќе се движат над стапката на инфлацијата за 5 процентни поени кај тримесечните депозити и за 12 процентни поени кај депозитите орочени на три или повеќе години.

**Второто** номинално сидро во Антиинфлаторната програма е водењето на фискалната политика, односно обемот на буџетската потрошувачка. Јавната потрошувачка ќе го преземе својот товар во борбата против инфлацијата, преку намалување на нејзиното учество во општествениот производ од сегашните 38% предложени од наша страна односно 39% со ревидираната стапка од Собранието на ниво од 35% односно реален пад на буџетските расходи за 22%. Притоа треба да се има предвид дека соборувањето на хиперинфлацијата ќе значи и зголемување на реалната вредност на фискалните приходи, што ќе овозможи и подобро

задоволување на потребите во овој домен. Намалувањето на јавната потрошувачка ќе може да се изврши главно преку намалување на сега



големите интервенции за стопанството (кои изнесуваат до една третина од Буџетот). Тоа е реално да се очекува бидејќи се воспоставува рамнотежен девизен курс на новата македонска парична единица.

Во доменот на јавната потрошувачка можни се и најголеми тешкотии со оглед на потребата државата да ги регулира и обврските од преземањето на девизните штедни влогови на населението и санацијата на банките во јавен долг, за што се предлагаат соодветни закони, како и потребата за сервисирање на надворешниот долг. Исто така, се очекуваат и нови расходи што ќе треба да се финансираат од Буџетот во доменот на одбраната, дипломатијата и безбедноста.

Во областа на **политиката на доходот** Владата на Република Македонија се определи за две номинални сидра, и тоа: контрола на цените и контрола на платите во наредните шест месеци.

Се определува највисокото ниво на цените само за некои основни прехранбени производи. (Ќе набројам некои од нив: малопродажната цена на лебот од 600 грама тип "500" ќе изнесува 85,00 денари; на млекото во фолија 120,00, а во пјур-пак 138,00 денари за литар; на маслото за јадење од сончоглед во платична амбалажа 800,00 денари за литар; на шеќерот 383,00 денари за пакување од 1 кгр.). Треба да се има предвид дека прехранбените производи чии цени се лимитираат се наоѓаат на режим на слободен увоз и се ослободени од царини и царински давачки, што треба да обезбеди нивна зголемена понуда. Впрочем утврденото ниво на највисоки цени е во тесна корелација со светските цени и со утврдениот

девизен курс на динарот, што се заедно овозможува профитабилен увоз и сузбивање на евентуалното монополско однесување на домашните производители.

Влеговме со една вредност поголема, бидејќи очекуваната инфлација која не можеме да ја намалиме од 100% или 80% во која сега се наоѓа на 45% во првиот месец и од тие причини овие цени не се замрзнуваат само тие на свој начин означуваат дека ако се изврши пробој за овие 6 месеци, државата зема грижа за нивното компензирање.

**НИКОЛА КЉУСЕВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Се определува и највисокото ниво на цените на некои услуги од комуналната инфраструктура (електричната енергија, потрошувачката на вода, парното греење, станарината и слично), како и на нафтените деривати.

Обрнувам внимание дека кај цените на сите наброени производи и услуги претходно е извршено нивно зголемување, со што се отстрануваат постојните диспаритети.

Заради заштита на најзагрозените делови на населението односно за невработените, пензионерите со најнизок износ на пензија и корисниците на заштитен додаток, како и за корисниците на разните социјални помошти, Владата ќе обезбеди соодветен обем на средства за компензирање на потрошувачката на основните прехранбени производи. Реализацијата на овие компензации ќе се одвива како додаток во постојната Социјална програма и преку носителите назначени во неа. Се оценува со неа да бидат опфатени околу 45.000 домаќинства.

Цените на сите други производи и услуги ќе се формираат слободно, а доколку се манифестира монополско однесување од определени претпријатија, ќе се воведат и специјални ценовни контроли за нивните производи или услуги.

Според тоа, не се оди на комплетно замрзнување на цените затоа што стопанството е во фаза на транзиција кон пазарна економија. Во спротивно би дошло до натамошно драстично опаѓање на производството.

Во областа на платите, Владата предлага Закон, со кој сите плати се замрзнуваат на ниво на 31.03.1992 година. Нивото на исплатените индивидуални плати во стопанството за март може да се зголемат за 30%, додека платите, чиј пораст беше ограничен со досегашната законска регулатива (т.н. нестопанство), се замрзнуваат на нивото на исплатените плати во месец март зголемени за 2 5%. На крајот уплатите на земјоделието и градежништвото се зголемуваат за 35%. Притоа, се забрануваат сите ретроактивни исплати за месеците за кои платите се веќе исплатени и се укинуваат сите непарични лични примаша (бонови, натура и слично). Истовремено, Владата ја прифаќа предложената определба во Општиот колективен договор во Републиката за утврдуван^е на нивото на најниската плата од 21.136 динари.

Во втората фаза од спроведувањето на Програмата, по изминувањето на шесте месеци, се предвидува делумна индексација на платите, која би се спроведувала во процент од месечната инфлација, што ќе го определува Владата за секој месец поединечно. Зголемувањата на платите над тој процент нема да се забрануваат, туку ќе подлежат на остри прогресивни оданочувања.

Сакам да нагласам дека во оваа прва фаза кога се предлагаат овие мерки претстои и втора фаза на завршување на стабилизационата програма на Република Македонија на кој работните групи кои ги ангажира Владата и целиот владин тим ќе продолжат веднаш да истражуваат и работат како би можело да се изврши ситуираност на сите оние крупни проблеми кои се предмет за отстранување на диспропорциите и усогласување на стопанството да тргне по еден постабилен развоен пат.

Заедно со сите овие мерки е усогласена и политиката на девизниот курс, како важен дел на Антиинфлаторната програма. Девизниот курс на новата македонска парична единица се определува во износ од 360 денари за 1 германска марка. Курсот останува фиксиран и врзан за германската марка и се применува во сите трансакции со странство. Во овој курс е антиципирано и почетното општо зголемување на цените. Треба да се очекува дека висината на овој курс би требало да придонесе за сузбивање на "црната берза",

Вака поставениот девизен курс ја рефлектира и генералната определба на Владата енергично да ја поттикнува експанзијата на извозот како основен критериум на нашето однесување во стопанството. За едно така мало стопанство како што е македонското, извозот неизбежно мора да биде главен генератор на стопанскиот растеж. Во тој контекст ќе се изврши ревизија на сите издадени, а неискористени согласности за компензациони

аранжмани со странство, се со цел да се обезбеди ефективен девизен прилив и да се елиминира непотребниот увоз.

II/4.-

Заради санирање на состојбите во платниот биланс и интервентен увоз на определени дефицитарни прехранбени производи во почетната фаза на спроведувањето на Програмата ќе треба да се обезбеди и соодветна финансиска поддршка од странство во износ од околу 200 милиони долари. Во таа насока, Владата на Република Македонија веќе оствари бројни контакти со одделни странски земји и нивни финансиски институции. Напоредно со тоа, од големо значење се и иницијативите на нашите иселеници во дијаспората за поддршка на нашето стопанство. Како пример го истакнувам предлогот на Македонскиот клуб "Илинден" од Минхен^-3 ^д§8јув1ње на едномесечна заработувачка. Таквите иницијативи ги сфаќаме како израз на љубов и почит на иселениците кон својата Татковина и желба за нејзин просперитет.

Доследното реализирање на сите овие мерки, како и очекуваната финансиска поддршка од странство треба да создадат предуслови за институционално организирање и заживување на девизниот пазар во Републиката, како еден од основните и незаменливи регулатори на економските односи со странство, а со тоа и на вкупниот стопански раст.

**Почитувани пратеници,**

Тоа се накратко мерките што Владата ги предлага за монетарно осамостојување и спроведување на Антиинфлаторна програма на Република Македонија.

По одделните аспекти во детали ви беа презентирани на претпладневните заеднички седници на комисиите. Тука се претставниците на Владата, гувернерот на Народната банка и доколку имате интерес целиот процес во детали би можеле да бидат објаснувани.

Меѓутоа, мора да се има предвид дека во реализацијата на оваа Програма се соочуваме со сериозни ограничувања кои можат да го компликуваат, па дури и да го загрозат спроведувањето на Програмата. Тоа, пред се, се однесува на следново:

1. Неповолна е платно- билансната позиција и девизниот биланс на Република Македонија, при што ефективниот девизен прилив изнесува околу 18%. Така, за првите три месеци од вкупно остварениот извоз во износ од 208 мил. долари, остварен е девизен прилив од само 37,5 мил. долари, поради што Владата ќе преземе итни мерки за почитување на законскиот рок за внесување на девизниот прилив во Републиката, а пред се тоа ќе биде и шанса стимулативни паритетен нов курс од 360 динари да овозможи на нашите извозници поголема експанзија и враќање на девизното остварување во земјата.

2. Надворешниот долг на Република Македонија е мошне висок и заедно со каматите изнесува над 1 милијарда долари. Речиси ист толкав е и долгот по основ на девизните заштеди на населението, а постојано е присутен и дефицит во платниот биланс во износ од 250-300 милиони долари. Решавањето на овие прашања кои ги имаме во наследство со години не може да се очекува на краток рок, а тие се врзани главно и со сукцесијата на Југославија, односно делбениот биланс.

Во овој контекст сакам особено да го истакнам болниот проблем на судбината на девизното штедење на населението, што оправдано предизвикува остри реакции на нашиот граѓанин. Поради тоа, со предложениот Закон за преземање на депонираните штедни влогови на граѓаните од страна на Републиката, Владата оцени дека сегашните материјални можности овозможуваат овие заштеди граѓаните да ги користат за купување на деловен и станбен простор И за купување акции од државниот имот, како и акции во стопанските претпријатија. Тоа посебно се усогласува и со Законот за трансформација на претпријатијата во општествена сопственост. Проблемот на девизните заштеди на населението ќе биде и натаму во фокусот на ангажирањето на Владата и ќе се обмислуваат и дополнителни стимулативни решенија. Таа грижа и обврска Владата ја зема како приоритетна.

3. Мошне ниско е нивото на девизните резерви на Република Македонија, кои не можат да ја преземат улогата на привремено и поцелосно амортизирање на платно- билансните тешкотии, ниту во позначаен обем да придонесат за зголемување на понудата преку интервентен увоз на определени производи и за стабилизирање на пазарот.

4. Неповолна е понудата на македонскиот пазар на повеќе значајни производи. Меѓутоа, извршеното зголемување на цените, односно отстранетите диспаритети ќе ги принуди претпријатијата веќе создадените залихи да ги понудат на пазарот заради обезбедување ликвидни средства.

Ова прашање има исклучително значење за спроведување на Антиинфлаторната програма во



претстојните шест месеци. Исто така, треба да се има предвид дека во почетниот период се обезбедени интервенции на пазарот и од стоковните резерви на Републиката.

Сите овие ограничувачки моменти, како и проблемите што можат да се јават во самото спроведување на Програмата, објективно ја соочија Владата со потребата да формира постојано оперативно тело, кое во наредниот период дневно ќе го следи остварувањето на Антиинфлаторната програма и по потреба итно ќе предлага мерки за нејзина корекција и целосна реализација.

**Почитувани пратеници,**

Може слободно да се каже дека се наоѓаме во пресуден период од нашата историја, во време на конечно оформување и заокружување на стопанскиот и политичкиот систем на независна и суверена Република Македонија во мошне ограничени услови-

Во тие рамки се и актите за монетарно осамостојување на Републиката што Владата ви ги достави за денешнава расправа, заедно со бројни други материјали преточени во Антиинфлаторната програма, со која објективно се останува на пазарната стратегија.

Интервентните мерки се од привремен карактер, како што е тоа вообичаено во сите стабилизациони програми на земјите со пазарен модел

на стопанисување. Краткорочните негативни ефекти од спроведувањето на оваа Програма се далеку помали од долгорочните, кои би настанале доколку и натаму го толерираме постоењето на хиперинфлацијата.

За спроведувањето на овие цели огромно значење има политичката волја и консензусот на сите субјекти во лицето на Собранието, Владата, Стопанската комора, претпријатијата, Синдикатот, средствата за јавно информирање, политичките партии а пред се граѓанската етика. Ова е голем испит пред нас како суверена и независна држава. Се бара висок морал, граѓанска свест, откажувања и дисциплина. Од тие причини во претстојниот период од 6 месеци се бара целосна поддршка од сите субјекти во општеството.

Интервентните мерки да ги сфатиме како нужен потез, насочен токму кон ширење на условите за стабилизирање, а потоа и за размавнување на пазарните законитости и стопанскиот пораст, за еден подобар свет што го градиме. А основа за тоа се веќе донесените инструменти на економскиот, правниот, политичкиот и повеќепартискиот систем, и вербата во демократијата и нејзините методи во решавањето на сите проблеми.

Во Европа и во светот Република Македонија покажа и докажа дека е решителна во својата ориентација за почитување на сите демократски критериуми што го красат напредниот свет. Достигнатиот степен на надворешната афирмација на Република Македонија, добиените признанија

политиката што ја водиме од еминентни европски и други државници и институции, како и готовноста за конструктивни односи и соработка со соседните и други земји, се гаранција за нашето меѓународно признавање и за нашиот успех.

Во тоа име, почитувани пратеници, Ве молам да ги прифатите предложените закони и другите придружни материјали и прописи на Антифлаторната програма и паричната единица на Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Го ислушавме Експозето на претседателот на Владата во кое беше истакнато дека се созреани условите за монетарно осамостојување на Република Македонија и за надминување на сегашната хиперинфлација, односно за усвојување по итна постапка на повеќе акти и мерки од областа на монетарната политика, фискалната политика на доходот, како и политиката на девизниот курс на новата парична единица.

Предлагам да се согласиме да ја уважиме итноста која ја образлагаше господинот претседател.

Дали се согласувате? (Се согласуваат).

- Според тоа за денешната седница го предлагам следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог на закон за Народната банка на Македонија;
2. Предлог на закон за парична единица на Република Македонија;

3. Предлог на закон за употреба на парична единица на Република Македонија;



4, Антиинфлаторна програма;

5, Предлог на одлука за целите и задачите на монетарно-кредитната политика во 1992 година;

6, Предлог на одлука за девизната политика и Проекција,та на платниот биланс на Република Македонија;

7, Предлог на закон за ограничување на потрошувачката за општите општествени и заеднички потреби во 1992 година;

8, Предлог на закон за воведуваше на обврска за плаќање при патување во странство;

9, Предлог на закон за преземање на дел од обврски по одделни кредити на Стопанска банка АД- Скопје и Југобанка-Југбанка АД Скопје;

10, Предлог на закон за исплата на платите, други надоместоци и дивиденди во Републиката;

11, Предлог на закон за преземање на депонираните девизни влогови на граѓаните од страна на Република Македонија.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака. (84 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Ги молам известителите на комисиите уредно да известат овде по точките на дневен ред со оглед на тоа да некои извештаи по некои од прописите од комисиите уште не се стигнати да се поделат.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Минуваме на **точката 1** - Предлог на закон за Народната банка на Македонија.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство и Законодавно правната комисија ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

За гласаа 85 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за Народната банка на Македонија.

Минуваме на **точка 2** - Предлог на закон за парична единица на Република Македонија

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство и Законодавно правната комисија ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.



Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Амандман на текстот на Предлогот на законот поднесе парламентарната група на ПДП-

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 1-а поднесен од Пратеничката група на ПДП.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17)

Дали е некој против (59)

Дали некој се воздржува од гласање ? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање на нов член 1 поднесен од пратеничката група на ПДП.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бар збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (77)

Дали е некој против? (12)

Дали е некој воздржан од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за парична единица на Република Македонија.

Минуваме на **точката 3** - Предлог на закон за употреба на парична единица на Република Македонија.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство и Законодавно правната комисија ви се поделени,.

III/3

Отворам општ претрес

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (77)

Дали некој се воздржува од гласање? (б)

Дали е некој против? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за употреба на парична единица на Република Македонија.

Минуваме на **точката 4** - Антиинфлаторна програма.

Програмата и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет. Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство и Законодавно правната комисија ви се поделени,.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и во меѓувреме ве известувам дека на антиинфлационата програма што е предложена од Владата овде е предложен еден амандман. Амандманот го поднеле пратениците на РСМ-ЛП Наум Симјановски ,Панче Минов, и Јаким Ивановски. Тој гласи: "во глава 2 Инструменти на инфлаторната програма,

точка 3 девизниот курс бројката 360 да се замени со бројката 250". Со проверка кај Владата ни е соопштено дека антиинфлаторната програма цифрата што е овде набележана е земена од одлуката што Владата ја донела во склад со нејзините уставни овластувања. Според тоа, ние

III/4

немаме можност сега овде да усвојуваме амандман на Програмата. Тоа е во надлежност на Владата.

Заклучокот што е содржан во извештајот на Комисијата за финансираше и буџет, Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за стопанство, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Морам да повторам, заклучокот што е содржан во извештајот на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за стопанство, го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (75)

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (6)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок

Минуваме на **точка 5** - Предлог на одлука за целите и задачите на монетарно кредитната политика во 1992 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство и Законодавно правната комисија ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на предлог одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака ? (80

III/5

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржа од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за целите и задачите на монетарно кредитната политика во 1992 година.

Минуваме на **точка 6 -** Предлог на одлука за девизната политика и проекцијата на платниот биланс на Република Македонија за 1992 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство и Законодавно правната комисија ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Амандман поднесе пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Молам, кој е ставот на Комисиите?

Извештаите овде не се поделени.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Комисијата за стопанство го подржа амандманот поднесен од пратеникот Иван Иванов и сметаме дека би требало да се прифати од Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Молам, како е со другите комисии, Комисијата за економска политика не го прифатила, Комисијата за буџет не го прифатила. Молам, дали има известител на Комисијата за финансирање и буџет. Амандманот гласи: "Во точка 1 се бришат зборовите "во меѓународната поделба на трудот"..

III/6

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Комисијата за финансирање и буџет го прифати овој амандман, со него се согласи претставникот на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се согласил претставникот на Владата

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Комисијата го прифати овој амандман да се бришат зборовите "во меѓународната поделба на трудот", а Комисијата има свој амандман,. наместо овие зборови да стои "во меѓународната размена, во меѓународната трговија, со кој што амандман се согласи претставникот на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ**.

Значи, прифатен е овој амандман, а на Комисијата е прифатен предлогот на Владата за преформулација, тој новиот предлог е составен дел на текстот. Оттаму сега ние можеме да кажеме дека овој амандман е прифатен, а е изменет текстот. Сега бидејќи имаме основен текст, ќе се изјаснуваме по целата оваа одлука за проекцијата на платниот биланс на Република Македонија.

Отворам претрес по амандманот за додаваше на нова став по точка 1 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Молам, каков е ставот на Комисиите?

Комисијата за стопанство не го прифатила, Комисијата за финансирање и буџет не го прифатила, Комисијата за економска политика и развој дали е прифатен или не е прифатен 2-от амандман. ( не е прифатен)

Владата не го прифатила.

Дали пратеникот предлагач останува на овој амандман.

Дали ќе го образложите ) не)



Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов став на точка 1 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на точка 4 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Кој е ставот на комисиите?

Прифатен е од Комисијата за стопанство, а дали е прифатен од Комисијата за финансирање и буџет? (не)

Дали е прифатен од Владата ( не го прифати)

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам да крене рака? (17)

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на точка 4 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на точка 5 став 2 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Молам, кој е ставот на комисиите?

Комисијата за стопанство го прифати.

Комисијата за финансирање и буџет.(Не)

Комисијата за економска политика и развој. (Не)

Владата? (Не)

Дали некој бара збор ? )Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на точка 5 став 2, поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов став по ставот 2 на точка 5 поднесен од пратеникот Иван Иванов-

Од Комисијата за стопанство е прифатен.

Од Комисијата за финансирање и буџет не.

Од Комисијата за економска политика не.

Владата ? (Не)

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (23)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додаваше нов став по ставот 2 на точка 5 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (76)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за девизната политика и проекцијата на платниот биланс на Република Македонија за 1992 година.

Преминуваме на **7-та точка** од дневниот ред - <u>Предлог на закон за ограничување на потрошувачката за општите општествени и заеднички потреби во 1992 година.</u>

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство и Законодавно правната комисија ви се поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Амандмани поднесоа пратениците Симон Наумовски, Санде Давчев и Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 поднесен од пратеникот Симон Наумовски.

Дали некој бара збор?

Каков е ставот на Владата.

Дали го прифаќа или не?

**БЕЌИР ЖУТА:**

Само една интервенција затоа што се работи за неколку истовремено упатени амандмани, па да не се однесува за одредена забуна кај членот 4 став 2 . Решението кое е понудено од Владата гласи: Ако износите на остварените приходи бидат поголеми најмалку од 25% од износите на вкупната дозволена потрошувачка ќе се предложи соодветно намалување на стапката на данокот од личен доход.

Прифатен е амандманот на пратеникот Иван Иванов кој претставува додтерување, во рок од месец дена штом настапи овој случај да се предложи измена. Другите се во функција на сто тоа.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Иван Иванов нема амандман. Ќе дојдеме на тој амандман, според тоа објаснението е дека проблемот што го покрена со амандман господинот Симон Наумовски е решен и е покренат со амандманот на господинот Санде Давчев, кој во таа формулација го прифатила Владата и ќе дојдеме на тоа.

Според тоа господине Наумовски да не се изјаснуваме по Вашиот амандман. Се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 , поднесен од Комисијата за економска политика и развој. Ве молам Господине Превала дали со ова решение што го изложи господинот Жута и ова прашање е решено, да го повлечете амандманот. Значи го повлекувате. Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов став во членот 4 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Овој амандман нема да го расправаме како амандман, бидејќи Владата го прифатила и станува составен дел на текстот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (83)

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање (2)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ограничување на потрошувачката за општите општествени и заеднички потреби во 1992 година.

Преминуваме на **8-та точка** од дневниот ред - Предлог на закон за воведување на обврска за плаќање при патување во странство.

Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за стопанство и Законодавно правната комисија ви се поделени.

Комисијата за стопанство предлага да се одложи претресот п6 овој закон од причина што има потреба решенијата содржани во него да бидат разгледани и преоценети.

Дали ќе го образложите предлогот или е доволно ова што го реков.

Молам, кој е за предлогот на Комисијата за стопанство да крене рака. (42)

Четириесет и два пратеници гласаа за.

Молам за внимание оти уставниот услов е исполнет само да утврдиме колку се присутни. (42) пратеници гласаа за .

Дали е некој против? (43)

Дали некој се воздржа од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот на Комисијата за стопанство.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Веќе два три пати гласовите не се бројат точно, се сомневам и барам поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Не е два три пати, вие можете само за овој пат да се сомневате, а не два три пати. Вие не можете дополнително да се сетите и да кажете два три пати. Тоа нема никакво значење. Донесените одлуки се донесени квалификувано, а вие сега предлагате поединечно гласање. Вие се сомневате по ова броење на гласовите.

Дали десет пратеника го поддржуваат? (11)

Предлагам да минеме на поединечно изјаснување по предлогот на Комисијата за стопанство.

Предлог на Комисијата е овој закон да не се разгледува на денешната седница.

Сега, кој е за, кој е против, кој се воздржува нека си каже откако ќе го прочитаме неговото име. Ќе гласаме за предлогот на Комисијата и ве молам да внимавате.

Има збор Милован Шиковски, секретар на Собранието.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | отсутен |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ХАМИД АЛИУ | за |
| 4. ЕШРЕФ АЛИУ | за |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | против |
| 7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | против |
| 8. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | против |
| 10. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | отсутен |
| 14. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 15. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 16. ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ | против |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ПЕТАР ГОШЕВ | против |
| 19. ТУШЕ ГОШЕВ | против |
| 20. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | против |
| 21. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | отсутен |
| 22. САНДЕ ДАВЧЕВ | против |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 24. ТОДОР димов | против |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | против |
| 26. РАТКА ДИМИТРОВА | воздржана |
| 27. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | за |
| 28. БОРКО ГОРЧЕСКИ | против |
| 29. ДУШКО ГОРГЕСКИ | против |
| 30. ЗУДИ ЕМИНИ | отсутен |
| 31. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |

32. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ противко



| | |
|---|---|
| 33. НАСЕР ЗИБЕРИ | отсутен |
| 34. ВАСИЛ ЗММЕАКОВ | против |
| 35. ВАНЧС ЗЛАТАНОВ | за |
| 36. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | отсутен |
| 37. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | за |
| 38. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | отсутен |
| 39. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ИВАН ИВАНОВ | за |
| 41. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ | отсутен |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | против |
| 43. РИСТО ЈОВАНОВ | против |
| 44. ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | за |
| 45. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | против |
| 46. ТАШКО КИРОВ | против |
| 47. ЗОРАН КИТЕВ | против |
| 48. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | против |
| 49.ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | против |
| 50. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | отсутен |
| 51. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | воздржан |
| 52. НИКОЛА КРСТЕСКИ | против |
| 53. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | против |
| 54. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | против |
| 55. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | против |
| 56. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | против |
| 57. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 58. ЕФТИМ МАНЕВ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | против |
| 61. МАРИН МИЛЕНКОСКИ | против |
| 62. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| 63. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | против |
| 64. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 65. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 66. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за |
| 67. НАИФ МУСТАФА | отсутен |
| 68. СИМОВ НАУМОВСКИ | за |
| 69. ПАНЧЕ НАСЕВ | отсутен |
| 70. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |

| | |
|---|---|
| 71. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не сака да гласа |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | против |
| 76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | отсутен |
| 77. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 78. ТОДОР ПЕТРОВ | против |
| 79. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | за |
| 80. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | отсутен |
| 81. КИРО ПОПОВСКИ | отсутен |
| 82. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 84. ИСМЕТ РАМАДАНИ | отсутен |
| 85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | отсутен |
| 86. НЕИМ САЛМАНИ | за |
| 87. ФЕРИД САДИКУ | отсутен |
| 88. АСЛАН СЕЛМАНИ | за |
| 89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 90. АЦО СПИРОСКИ | отсутен |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | отсутен |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 94. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 95. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | против |
| 96. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | против |
| 97. РИСТО СТАМЕНОВ | отсутен |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | отсутен |
| 99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |
| 101. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | против |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | отсутен |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | отсутен |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | против |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | против |

| | |
|---|---|
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | против |
| 110. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | отсутен |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 112. СЕФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 113. МУХАМЕТ ХАЛИЛИ | за |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 115. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ | против |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | отсутен |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | отсутен |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | против |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | за |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Некои малку го промениле мислењето, па на повторното гласање гласале вака.

30 пратеници се за предлогот на Комисијата.

58 пратеници се против и

4 пратеници се воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот на Комисијата за стопанство.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 1, став 1, со кој се согласи претставникот на предлагачот и кој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Амандмани поднесоа и пратениците Санде Давчев, Ештреф Алиу и Иван Иванов.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Комисијата за буџет има поднесено амандмани со кои се согласи претставникот на Владата, а јас, ако ми дозволите, бидејќи се работи за 4 амандмани, а незнам дали пратениците ги имаат пред себе амандманите претставникот на Владата се согласи, би сакала да дадам кратко образложение бидејќи се менуваат доста битни работи

Амандманот 1, во член 1, во став 1, на крајот од ставот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите"за секое лице со наполнети 18 години". Значи, ќе се плаќа надомест, обврската за плаќање е за секое лице со наполнети 18 години. Тоа е амандманот 1.

Амандманот 2 е во членот 2, во ставот 1, после зборот "уплатуваат", се додаваат зборовите: "на посебна сметка", а после зборот "Скопје", во вториот ред се додава з борот "или".

Третиот амандман е на членот 3, во ставот 1 после точката 8 која се однесува за обврската за кои што не се плаќа, се додава нова точка 9 која

гласи: "За патувања во Република Србија, во Република Црна Гора, Во Република Словенија, Република Хрватска и Република Босна и



Херцеговина", значи за патувања во овие Републики нема да се плаќа тој надомест.

Четвртиот амандман, тоа е во членот 1, ставот 1, зборовите "50 германски марки", се заменуваат со зборовите"30 германски марки"

**СТОЈАН АНДОВ**:

Дали претставникот на Владата ги прифати сите овие амандмани?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Сите, освен последниот амандман за измената на износот.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ве молам, госпоѓо Стојанова имаме информација од претставникот на Владата дека последниот амандман не е прифатен од Владата.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Има интервенција дека последниот амандман не е прифатен.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Значи, од страна на Владата се прифатени првите три амандмани а последните амандман не е прифатен. Тоа значи дека првите три амандмани стануваат составен дел на основниот текст.

Дали Комисијата го повлекува последниот амандман? Не го повлекува.

Кога ќе расправаме по амандманите, ќе дојдеме и до тој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 1,став 1 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Дали сега со овие амандмани што ги усвои претставникот на Владата а беа поднесени од страна на Комисијата буџет нешто се менува во вашиот став? (Не се менува ништо).

V/3.-

Констатирам дека пратеникот Санде Давчев се изјасни дека ништо не се менува во неговиот став во однос на прифатените амандмани од страна на Владата а поднесени од Комисијата за буџет.

Молам за став на Владата во врска со амандманот на Санде Давчев.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Збор побара пратеникот Ефтим Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Не

Јас имам едно прашаше по амандманот што е усвоен од Владата а го прочита госпоѓата Стојанова.

Како ние ќе можеме да ги разграничиме нашите граѓани кој ќе патува во Србија, кој во Хрватска, кој во Словенија. Дали од Хрватска или Словенија не ќе може да се патува во друга земја со што ние тоа ќе го у тврдиме дека тој граѓанин патува само таму? Тогаш, ограничувањата дали ќе бидат со печат, но знаеме дека на многу гранични премини не се удира печат. Тоа ќе биде проблем. Тоа може само во компјутер да се пушти и пасошот. Тоа ќе биде обврска само за директно патување во Грицја, Албанија и Бугарија.

**СТОЈАН АНДОВ**:

За тоа може да се расправа кога ќе продолжиме со ра справата по текстот. Сега сме на расправа по амандманот на пратеникот Санде Давчев.

Има збор пратеникот Санде Давчев.

V/4.-

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Само кратко да објаснам за што се работи.

Амандманот за овие 50 марки да се плаќаат во противвредност во динари, по официјалниот курс. Амандманот е поднесен поради тоа дека има организации без девизен прилив а ќе имаат потреба да работат со странство и да патуваат. Тешко ќе ги остваруваат овие девизи. Често се случува да патуваат во околните земји а дневниците да се исплаќаат во динари.

Така што да се овозможи да плаќаат, ако не, барем за службени патувања да се ограничи да се плаќаат во динари.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (8)

Бидејќи за амандманот гласаа само 8 пратеници, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 1, поднесен од пратеникот Ештреф Алиу.

Молам за ставот на Владата.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

V/5.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас гласав против разгледувањето на овој закон на оваа седница и начелно сум против донесување ваков закон со кој се врши рестрикција за патување во странство на оние граѓани кој се во положба да не можат да соберат средства да упатат за патување во странство. Пред се, тука се изземени сите кои имаат по 4000 марки месечно, а се ставени во неповолна положба оние граѓани кои имаат по 50 марки месечно.

Претпоставете кој ќе патува во странство, а кој нема да патува во странство. Дали може еден просветен работник или било кој работник со 20 или 30 марки месечно да обезбедува 50 марки за патуваше во странство, и плус тоа кога се ограничува во кои земји да се патува а во кои не.

Затоа го поддржувам амандманот на господин Ештреф Алиу и не може да се ограничи така. Ако не може поинаку, тогаш нека биде барем минимално со што практично се ограничува комуникацијата на луѓе, на капитал, на идеи на материјал итн., а сакаме да бидеме демократска земја и да претендираме демократски односи со сите земји со кои соработуваме и сакаме да соработуваме. Затоа сум против ова, а во секој случај го поддржувам амандманот на пратеникот Ештреф Алиу.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Има збор господин Ешреф Алиу.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, почитувани претставници на Владата и пратеници.

V/6.-

Во начело сум против било каква мерка, па каква и да е, која се коси со принципите на нашава кревка демократија. Обидувајќи се сериозно да ги сфатам приликите и тешкотиите во кои се наоѓаме и неопходноста и поводите што ја принудија Владата да се одлучи за оваа мерка, јас го предложив амандманот кој и така многу веќе бедни наши граѓани да можат да смогнат сили преку ова минимално позајмување по потреба кој а е веќе неопходност да се мине границата за сметка на подобрување, да остават 10 марки.

Чинам дека Владата, веројатно е дури и посвесна од мене за значењето на акумулацијата на овие неопходни девизи. Меѓутоа, обидувајќи се проблемот да го доведеме и да го сведеме во практичниот аспект испаѓа дека секогаш бива тешко казнет тој што нема. Граѓанинот не е во состојба, бидејќи месечните примања не се 50 марки, во случај на една несреќа, посебна, свадба, тешко ќе може да ги најде тие пари.

Кога ги читаме под точка 1, па до 8 или 10, кои се се ослободува, очигледно се остава простор да бидат ослободени оние кои без големи пречки можат да ги инкасираат тие 50-тина марки.

Да не должам, сепак против моите убедувања, вршејќи напори сериозно да го сфатам проблемот, сепак предлагам граѓаните при поминувањето на границата да придонесат и со вака симболично, без да имаат потешки финансиски последици.

На крајот, да не должам, тука доаѓа и една логика во практиката.. Ако е тоа поевтино, ќе одат повеќе и повеќе средства ќе се акумулираат. Може би нестручно тоа го кажувам, бидејќи постои страв, тие што одат и изнесуваат девизи, но од сега натаму тоа е неможно така да биде. Тој што нема, не може да однесе девизи, а тој што изнесува надвор девизи тој плаќа и 50 и 500 марки.

V/7.-

Затоа молам овој амандман да се поддржи.

**СТОЈАН АНДОВ**:

За збор се јави господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани членови на Владата.

На повеќето од вас веројатно ви е познато дека доаѓам од Дебар, од општина недоволно развиена и општина која тешко за скоро време дека ќе се развие.

Во мојот крај, голем број млади луѓе одат да работат во странство. Одат во странство да работат исклучиво како сезонски работници. А, зошто одат? Одат за тоа што реков, општината е неразвиена, има голема невработеност. Слична е состојбата и во Републиката. Во Италија одат млади луѓе да работат, да донесат некоја италијанска лира или да донесат некоја марка. Со носењето на тие пари придонесуваат на нашава заедница која, како што слушнавме е доста задолжена во странство.

Дали со една ваква мерка правиме една неправда кон оние луѓе кои и така не можат да живеат тука со овие неприходи што неуспеваат да ги остварат во нашава Република па сега ги доведуваме до таква состојба да не можат да патуваат таму. Што значи тоа во услови кога нам ни се

потребни големи средства, кога имаме голема потреба за девизи. Мислам дека една ваква мерка со 50 марки, особено во услови кога и нашите пратенички плати тешко ја надминуваат таа сума, мислам дека треба да сфатиме, особено ги повикувам пратениците од ВМРО ДПМНЕ, а не допуштам да не ги повикам и пратениците од СДС да бидеме прифатени предлогот да го прифатиме и да им овозможиме на овие луѓе да ни донесат

V/8.-

повеќе марки. Оти, живееме така како што знаеме сите дека живееме. Однапред благодарам за разбирањето.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Има господин Алиу.

**ХАМИТ АЛИЈУ:**

Дами и господа, ценето претседателство.

Јас би се согласил да се плати и 50 и 100 марки, меѓутоа ако личниот доход на нашиот работник е од 3000 или 5000 марки. Ние работниците не ги плаќаме со марки. Јас мислам дека на овој начин се обезвреднува и сопствената валута што пред малку ја донесовме. А, 10 марки ние даваме личен доход на граѓанинот и 10 марки да плати за надвор, тоа за мене е една автархична економија и мислам дека на ваков начин никаква демократија и никаква Европа.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Господинот Никола Кљусев, и покрај тоа што е завршен претресот и гласањето е извршено бара збор.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Да ве информирам, ја чувствувам состојбата кај нас дека многу од населението не ќе имаат средства. Тоа е така. Меѓутоа, ова е рестриктивна мерка за одење во странство. Ние ќе направиме можности со почести малогрнаични среќавања со населението, и на тој начин, барем тука со соседите да можат да се обавуваат тие посети.

V/9.-

Инаку, за одење во странство како работник, 50 марки за еден ден ќе ги извади.

Друго, мерката е драги пратеници, за овие 6 месеци да се воздржиме од одење во странство и да создадеме претпоставки за еден домаќински однос. Секое одење е одлив на 500 или 300 или 1000 и повеќе марки. Тие средства ќе дојдат како помош и за наше поголемо вработување, домашната ситуираниот, и оскрбување на животната егзистенција. Наместо да создаваме потешкотии на државата за оваа преодна етапа од 6 месеци.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ние завршивме со претресот. Гласавме за овој амандман.

Констатирам дека вкупно 23 пратеници гласаа за амандманот на пратеникот Ештреф Алиу.

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, став 1, поднесен од пратеникот Ештреф Алиу.

Отворам претрес по амандманот на член 3, точка 2, поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Молам за став на Владата по амандманот на господинот Иванов.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Првиот не е прифатен, а вториот е во модифициран текст.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Значи, првиот не е прифатен, Комисиите не го прифатиле.

Дали Комисијата што ја води господин Превала го прифатила овој амандман?(Не го прифатила).

Дали Комисијата за финансирање и буџет го прифаќа амандманот (Не го прифаќа).

VI/1

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитувани пратеници, дозволете ми накратко иако во образложението беше кажано што е суштината на овој амандман, најпрвин сакам да се придружам кон искажувањата што беа напред искажани од претходните дискутанти по другите амандмани дека ако сакаме да влеземе во Европа, ако сакаме да обезбедиме слободно движење на луѓето, средствата и капиталот, мораме да се отвораме спрема Европа, спрема светот а никако не треба на ваков начин да бараме одредени резерви или решавање на постојните проблеми како што зборуваше претседателот на Владата. Јас можам да го сфатам и тоа што беше овде кажано од претседателот на Владата дека ни требаат девизи, ни требаат заштеди, меѓутоа, најпрвин би сакал од претседателот на Владата да каже колку средства се планираат по овој основ да бидат собрани и обезбедени како заштеди, што ја натерале Владата на една таква рестриктивна мерка.

Второ што би сакал да кажам, за мене е апсурдно ако во оваа програма и во овие мерки кој што треба да ги донесеме и веќе донесовме и изгласавме, да се ограничи или дестимулативно да се делува на претставниците од претпријатијата кој што треба да донесат девизен прилив на оваа Република. Ако со тие средства и со вакви мерки дестимулативно се делува и се остварат некои минимизирани резултати на

кој начин ќе ги разрешиме девизните биланси во поглед на недостигот од 310 милиони динари, ако не создадеме една можност на стопанството и претставниците на тоа стопанство да комуницираат со светот, да создаваат поблиски односи, да ја развиваат соработката со странство, а преку тоа да создаваат можности за остварување на поголем девизен прилив. Од тие причини за мене е ова неприфатливо и јас повторно упатувам замолница до

VI/2

Владата, ова нешто најсериозно да го прифати, бидејќи ова верувам ќе има лоши последици токму на остварување на девизниот прилив кој што е и основа за реализација на сите овие мерки што треба денес да ги усвоиме.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Дали уште некој бара зор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

За амандманот гласаа 26 пратеници.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 точка 2 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нова точка9 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Дали Владата го прифати во целост амандманот.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Практично е во целост прифатено решението, а формулацијата е друга.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Да, тоа е основа за она решение што го прифатила Комисијата.

Дали сега господинот Иванов го повлекува амандманот. (Го повлекува)

Со тоа што веќе овде е преформулиран и усвоен друг амандман нема амандман.

Имаме амандман од Комисијата што не го прифатила Владата од 50 ДЕМ износот да се сведе на 30.

VI/3

Сега ме информира претставник на Владата дека Владата по дополнителни консултации што овде ги направила го прифаќа тој амандман.

Молам, има збор министерот Петревски.

**ГОЦЕ ПЕТРЕВСКИ:**

Почитувани пратенички и пратеници, мерките од ваков карактер не беше парекселанс економски мерки. Тие се фискални мерки и се многу контроверзни секогаш кога се предлагаат. Ретко кога вакви мерки се предлагаат, се прифаќаат со консензус и без реагирања. Аргументите кој беа искажани претходно од говорницава држат со својата тежина и на ваква мерка, од ваков карактер, можат да се упатат најразлични приговори. Може да се упати приговор на оваа мерка, да речеме, од политички карактер, од етнички, од меѓународно правен карактер, од останат група забелешки и во основа се работи аз фискална чисто еднократна мерка на прибирање на средства, поаѓајќи од тоа дека Македонија се наоѓа во жестока девизна криза. Заради тоа мислиме дека е прифатливо она решение кое што беше предложено, да се симне сумата на квота што се плаќа, со што би се избегнале барем одреден број на забелешки. Инаку да ви кажам дека оваа

мерка ја применуваат скоро сите земји кој спаѓаат во категоријата земји во развој, некои што се надвор пошироко од некои регионални групи. На пример Турција има мерка со која за секој излез до земјата се наплатува извесна девизна такса од 100$. Дури земји кој што се на повисоко ниво на развој како Кореја имаат излезни девизни такси како и други земји во развој. Така што овој инструмент се применува познат е во практиката, теоретски тешко можеше да се брани, не е врзан со оваа програма и од тие причини

VI/4

ние сега на интерна консултација на Владата решивме да го прифатиме овој предлог тој беше претходно дискутирам од група пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Според тоа предлогот на амандманот на Комисијата е сега основно решение и содржан е во текстот во предлогот на Владата.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

(62 пратеника гласаа "за")

Дали има против предлогот? (14 пратеници)

Дали некој се воздржува? (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство.

За збор се јави господинот Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Само сакам накратко да објаснам зошто се воздржав од гласање, бидејќи за мене политички е неприфатливо, спрема соседите да не се однесуваме на еднаков начин. Ако веќе даваме еден привилигиран однос спрема бившите републики на Југославија, требаше и спрема Грција, Бугарија и Албанија. Требаше да се има еднаков однос, а не беше дадена и можност или можеби јас не бев доволно концентриран да реагирам. Ова сакав да го кажам заради јавноста и Парламентот.

VI/5

**СТОЈАН АНДОВ:**

Таков амандман немаше, мислам ниту во Комисијата ниту досега, ниту пак не бараше збор кога имавме претрес.

Молам, констатирам дека Собранието го донесе законот за воведување обврска при патување во странство.

Господинот Стефковски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека ние набрзина изгласавме еден закон и во таа смисла укажувањата што ги дава господинот Голубовски се на место. Уште на стартот правиме некаква дискриминација во однос на нашите соседи. Ние мислевме дека ќе се отвори некаква расправа по амандманот во однос на овие давачки и во однос на соседите. Тоа ниту се стави на дневен ред, ниту се отвори расправа. Едноставно се мина на таа работа и ние сме ставени пред свршен чин.

Барам да се обнови гласањето по тој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Се разбира дека тоа е невозможно и е надвор од Деловникот, што го предлага господинот Стефковски. Оној момент кога ни беше соопштено што прифаќа Владата, тоа станува составен дел на предлогот на Владата. Јас побарав дали некој бара збор, никој од вас не се јави за збор по текстот на Владата, го ставив на гласаше законот и законот е изгласан со 62 гласа "за" и со против и воздржани. Според тоа таа точка е исцрпена.

Минуваме на **точката 9** - <u>Предлог на закон за преземање на дел од обврски по одделни кредити на стопанската банка АД Скопје и Југобанка-Јубанка АД- Скопје.</u>

VI/6

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансираше и буџет,Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство и ЗПК ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Еве се јавува за збор господинот Јовчевски но по претходната точка. Извинете господине Јовчевски но не може да добиете збор. По претходниот закон кој е донесен со правилно гласање овде, можете да покренете постапка за негово изменување. Инаку не може. Ве молам немате збор. Не ви давам збор. (Господинот Цветковски излезен во близина на говорницата и реагира барајќи збор)

Вие можете да барате поединечно гласаше, тоа помина и сега минавме на друга точка. Молам за тој закон можеме да расправаме на една од наредните седници кога некој ќе предложи негова измена. Тоа е според Деловникот. Ве молам седнете си на место.

Реков дека минавме на точката 9.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Амандман поднесе Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Дали некој бара збор? (Никој)

Господинот Превала дали бара збор? (Не)



Молам за ставот на Владата? (Не го прифаќа)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за нека крене рака. (6 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот амандман на Комисијата за економска политика и развој.

Продолжуваме со претресот по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Бидејќи извештајот од Комисијата за финансирање и буџет се уште не е поделен, оваа Комисија има амандман со кој што се согласи претставникот на владата а амандманот гласи^амандман на член 1, во точката 4 во член 1 во алинејата 1 после зборот "достасани" се додаваат зборовите "а не наплатени". И во истиот член точка 5 после зборот "достасани" се додаваат зборовите "ненаплатени".

**СТОЈАН АНДОВ**:

Тоа се само појаснувања.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Додавање кој појаснуваат.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Значи додавања што појаснуваат.

Дали Владата ги прифаќа. (Ги прифаќа)

Тоа е составен дел на текстот на предлогот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

VI/8

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

56 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржани? (Нема)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за преземање на дел од обврски по одделни кредити на Стопанска банка АД-Скопје и Југобанка Јубанка АД-Скопје.

Минуваме на **точката 10** - Предлог на закон за исплата на платите и други надоместоци и дивиденди во Републиката.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и извештаите на Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за стопанство и ЗПК ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по предлогот на законот.

Амандмани поднесоа пратениците Симон Ивановски, Иван Иванов, Симеон Наумовски, Михаил Пановски, Џеладин Мурати, Аслан Селмани и Хамит Алиу, Бранко Арсовски и Горѓи Бојковски.

Владата на РМ поднесе амандмани на член 3, 4 и член 9. Тие составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, став 1 поднесен до пратеникот Симеон Ивановски.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Ивановски.

VI/9

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници да образложам накратко за што се однесува амандманот. Во членот 3 во ред 3 стои дека платите за април месец може да се зголемат со 30 насто на основица од март. Во воведното излагаше и од претседателот на Владата и она што следиме секој ден, добиваме сознание дека инфлацијата во април месец е 100 насто. Исто така, во воведното излагаше слушнавме дека и со овие мерки кои што ги предлага Владата и кои треба да ги прифатиме, дека може евентуално да се намали инфлацијата во наредните месеци до 45-50%. Тоа значи дека на 100 насто инфлација се дозволува зголемување на личните доходи до 30 %. Тоа не е ниту една третина од она што е зголемување. Според тоа, предлагам наместо 30% да биде 50%. Тоа значи, платите за април може да се зголемат врз основа на основицата од март. Тоа е 50 насто од инфлацијата која што ја имаме во април.

Тоа е најсуптилното прашање бидејќи другите мерки очекуваме за 6 месеца да дадат резултат, а овие од утре бидејќи не можеме да сметаме дека во стопанството ќе се постигнат одредени резултати и ќе работиме,барем она што го работиме, ако бараме на инфлација од 100 насто личните доходи да растат само 30 насто. Молам, да се поддржи амандманот. Нормално со овој амандман ќе се повлечат и другите кои се пропратени плус она што го предлага Владата за градежништвото и она кое беше досега ограничувано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За амандманот гласаа 24 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3, став 1 поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2, поднесен од пратеникот Иван Иванов,кој гласи: 15 април се заменува со 20 април.

Молам, кој бара збор?

**ИВАН ИВАНОВ:**

Сакам дополнително да го кажам следното образложение.

Најнапред мислам дека со ограничувањето на платите нема да се постигнат многу големи ефекти во делот на програмата кој што оди на линија да ги стабилизира економските и финансиските текови во Републиката. Мислам дека до сега повеќе програми кои поаѓаа од еден ваков концепт со еден ваков инструмент не ги дадоа очекуваните резултати. Напротив, разни субјекти во определени интервали според постигнатите резултати или критериумите кои ги применуваат беа различно затечени. Од тие причини дури доаѓаше до големи тензии што беше присутно во изминатите години, доаѓаше до прекини на работа и создавање несакани последици.

Мислам дека решението 15 април е несреќно избрано како фаза од причина што поголемиот дел од производните организации како резултат на тоа што најнапред ги сумираат постигнатите резултати во текот на месецот,



исплатата на платите односно поранешните лични доходи ги врши во период од 10-15 па до 20 април, што мислам дека е направено и во месец април за исплатените лични доходи во месец март. На ваков начин многу претпријатија кои многу коректно, дури ненаслутувајќи дека ќе дојде до ваква мерка правилно се придржувале на принципите на делот на наградувањето по остварените резултати. Со ваквата мерка таквите работници односно претпријатија ќе бидат доведени во нерамноправна положба во однос на другите претпријатија да не речам и грото од оние кои полесно го остваруваат доходот, тие многу порано го делат личниот доход. Како резултат на една таква заслуга и такво однесување на ваквите претпријатија треба да го делат просекот остварен во февруари месец, што мислам дека е една голема неправда и молам ова да се коригира бидејќи знаеме дека зборувањата за зголемувањето и сето тоа дојдоа во текот на оваа недела, а ова што се предлага практично преставува завршувањето заклучно со 18-ти, 19-ти во претходната недела.

Паралелно со тоа сакам да укажам и на еден друг момент. Кај повеќе претпријатија уделот на личните доходи во однос на вкупните трошоци е една занемарлива категорија. Од тие причини мислам дека затечени во една ваква состојба сето тоа ќе предизвика и на Владата и на Парламентот додатни активности кои ќе ја оттргнат нашата активност на она што треба во сегашниот момент да го правиме. Од тие причини, мислам дека со ваквото дополнување тие тензии и реакции ќе бидат намалени. Јас упатувам до вас пратеници и до Владата уште еднаш да се преиспитате и да го прифатите овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Укажувањето е дека голем број претпријатија редовно ги примаат платите од 15-20 во месецот.

VII/3

**СИМОН НАУМОВСКИ:**

Ние тројца пратеници имаме амандмани по овој член од Законот да се помести рокот од 15 април, едниот предлог беше да биде 20 април, другиот предлог беше да биде 22 април и третиот предлог беше да биде 25 април. Моето решение беше вчерашниот ден 25 април од истите причини кои ги образложи пратеникот Иван Иванов.

Уште еднаш сакам да додадам и да не повторувам повеќе од неговото излагаше. На крајот на краиштата утринава добивме строго доверливи материјали, никој не знаеше барем јас за себе зборувам не знаев што ќе се случува денес и сосема е објективно да се прифати решение исплатени редовни лични доходи за март месец заклучно со вчерашниот ден 25 април без оние други странични кои се додаваат, без зголемување. За април не зборувам за зголемување, зборувам за месец март.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Дали Владата нешто ќе каже?

**СИМОН ИВАНОВСКИ:**

Бидејќи на истата проблематика имам и јас амандмани, само се различни термините и различни дати се предлагаат, би требало да изградиме консензус и ова што беше последното предложено од господинот Наумовски да се прифати. Се работи за редовно исплатени плати, не се работи за никакви додатоци или евентуално дополнително

исплатување на личните доходи. Голем дел од стопанството прима личен доход околу терминот 20-ти било која дата да ја кажеме ќе направиме погрешок за некого. Според тоа треба да прифатиме 25 април, редовно исплатени плати. Инаку ќе направиме права неправда. Ако земеме дека 15



е критичниот ден и сега секој земал редовно плата на 16-ти, 17-ти го враќаме еден месец назад. Според тоа треба да се прифати редовно исплатена плата во месец март. Впрочем, и излагањето на претседателот на Владата алудираше на тоа. Никаде не стоеше дека ќе биде земена средината на исплатените плати, но во законот стои буквално 15-ти. Молам Владата да го прифати овој амандман да не се надгласуваме.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Веднаш да се изјаснам дека го подржувам предлогот. Еве го образложението. Да бидеме отворени, да ги кажеме работите како стојат. Кај некои организации за одредена исплата на лични доходи беше дадено на знаење тие да ги подигнат личните доходи за да не се дојде до ваква ситуација. Затоа предлагам да се усвои амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Каков е ставот на Владата?

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, амандманот на пратеникот можеме да го прифатиме, значи исплатата за март месец до 25 април како редовна плата без одлуките кои се донесени во последната недела за зголемување на мартовските плати,во април за март месец, така што тука да бидеме на јасно. значи сите одлуки што се донесени во април месец за зголемување на платите во март, тоа не можеме да го прифатиме.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Според тоа предлогот на господинот Сабриу станува составен дел на Законот.

VII/5

**ДУШКО ГОРГЕСКИ:**

Мислам дека се надмина еден проблем со прифаќањето на 25-ти април, меѓутоа, се јавив за збор само врз основа на излагањето на министерот. Не може платите да се коригираат во март за март, резултатите се собираат во април за март и за април во мај месец ќе ги сумираме резултатите. Тоа мораме да го имаме предвид. Дали е 25-ти, 26-ти корекција итн., исто така и тоа треба да се види.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Сега да се произнесеме по амандманите на господинот Иванов, Симеон Наумовски, и пратеникот Симеон Ивановски.

Симеон Наумовски има амандман до 25-ти. Тој да биде централен Од расправата така произлезе. Тоа е составен дел и тогаш нема потреба да се изјаснуваме.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас поднесов амандман на член 4 за Електростопанството да биде исклучено од сите овие јавни дејности за кои се предлага ограничување на исплатата на личните доходи од причина што мислам дека една производствена гранка која што навистина многу добро работи, термоелектраните во Битола оваа и минатата година се меѓу

најдобрите во Европа по нивниот степен на искористување и затоа предлагам Електростопанството да се избрише од член 4 на Предлогот на овој закон и нека ја следи судбината на целото македонско стопанство односно нека се регулира тоа со тие колективни договори.

VII/6

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Каков е ставот на Владата?

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Тоа е прифатено.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Владата го прифатила амандманот на пратеникот Михаил Пановски. Тој станува составен дел на текстот и тука нема амандман.

**ЕДЕН ПРАТЕНИК**: (Од место)

Не е вред работата.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Нема амандман, нема по што да расправаме, потоа ќе земете збор кога ќе отвориме претрес по целиот текст на законот.

Кога ќе завршиме по претрес по амандманите ќе продолжиме со претрес по текстот на предлогот на законот каде е содржан и овој предлог. Вие можете да земете збор и да кажете во врска со додатниот предлог на Владата. Само тогаш, а не сега, затоа што сега ние немаме амандман и нема расправа по амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратениците Џеладин Мурати, Аслан Селмани, Хамид Алиу и Бранко Арсовски.

Дали Владата го прифати овој амандман? Овде немаме извештај од комисиите, а вечерва треба целата работа да ја завршиме. Владата предложи друго, тие предлагаат друго. Значи, друг е ставот на Владата. Дали Владата го прифаќа амандманот на овие пратеници или не? Зошто овде се дава друг предлог?

VII/7

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Можеби требаше претставник на Владата да го каже тоа, но еве за што се работи. На Комисијата за финансирање и буџет претставникот на Владата се согласи со овој амандман и поради тоа беше амандманот на Михаил Пановски, што беше дека го прифаќа заради тоа што сега со овој амандман на група пратеници и на Бранко Арсовски кај општествените дејности порастот на личните доходи ќе оди од 20% на 30%, а тука е и Електростопанството, па поради тоа беше и претходната забуна зошто се прифаќа или не се прифаќа а сега дополнително ние имаме доставен предлог од Владата за зголемување со 25%, но сметам дека треба да се прифатат амандманите заради тоа што и на Комисијата Владата еднаш се произнесе и порастот и за општествените дејности и за сите оние кои се наброени во член 4 да изнесува 30%.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Сигурно вие го добивте ставот на Владата. На седницата на Владата се заклучи во стопанските дејности да одат со 25%, стопанството 30% вклучувајќи го и електростопанството и 35% градежништвото и земјоделството. Јас тоа го прочитав и во своето експозе.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Сега имаме и писмо од Владата во кое овие бројки вака се внесуваат. Според тоа амандманот една работа е што на Комисијата се согласил

претставникот, затоа и поставувам прашање овде Владата го менува ставот и амандманот не го прифаќа од пратениците кои ги прочитав. Тие бараат 30%, а Владата предлага 25%за дејноста за која тие зборуваат.

Дали некој бара збор? (Никој).

VII/8

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот на пратениците го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

29 пратеници гласаа за амандманот.

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 поднесен од пратениците Џеладин Мурати, Аслан Селмани, Хамид Алиу и Бранко Арсовски.

Отворам претрес по амандманот за додаваше нов член 4-а поднесен од пратеникот Горѓи Бојковски.

Дали некој бара збор?

**ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ:**

Бидејќи 25% од амандманот е содржано во ставот на Владата го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Отворам претрес по амандманот на член 7, алинеја 3 поднесен од пратеникот Симеон Наумовски.

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитувани пратеници овој амандман се однесува на делот на ограничувањето за исплатата на дивидендите. Решението кое што го предлага Владата во контекстот на определбите за стимулирањето на вложувањата како и од граѓаните, така и од странските лица мислам дека ќе изгуби во многу ако делот на исплатата на дивидендата биде ограничена. Лично мислам дека приватните стопанственици кои што се заинтересирани својот капитал да го вложуваат во значајни проекти и објекти доколку не видат една сигурност и стабилност за она што е пропишано во економската политика и со овие мерки кои што денеска ги донесуваме, мислам дека сите тие работи ќе останат една прокламација, а не и една стварност. Од тие причини иако исплатата на дивидендите за наши прилики македонски сеуште претставува пионерски чекори верувам дека една ваква мерка ќе биде доста дестимулативна, поготово што таа со себе не носи и некоја поголема маса на средства со што ќе бидат нарушени основните претпоставки во програмата предложена од Владата. Од тие причини јас ве поканувам да го поддржиме амандманот, или во алтернативата, првата алтернатива тоа значи да се брише членот 9, ако не да се прифати во тој слу. чај втората алтернатива каде што се дадени можности за делумна исплата на дивидендата што ќе биде остварена во текот на 1992 година.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата во писмена форма ви го презентира својот став во поглед на членот 9 и мислам дека причините кои беа изнесени во прилог на

амандманот, дека истиот треба да биде така формулиран во одредбата во член 9 за да се допушта исплата на дивидендата е спротивна на начелата и



принципите поради кои се носи овој закон. Во овој временски простор кога редовната исплата на платите се ограничува и се сведува во одредени рамки за да се постигне основната цел со Антиинфлационата програма сега треба да тече еден вентил. Сметам дека никакви основи, никакви принципи други не можат да се уважуваат само за тој сегмент, не зависно дали е регуларно или нерегуларно се емитувани тие. А после тој период отом потом како ќе течат сите работи, сигурно така ќе течат и во тој домен.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Владата овде има нов предлог и од овој предлог произлегува како што тој е даден, тој е сега составен дел на основниот текст. Тој се однесува само на дивиденда од акционерските друштва што настанале врз основа на трансформација на општествениот капитал. Бидејќи во Македонија има приватни акционерски друштва, нив не ги зафаќа. Тоа да биде јасно. Тоа треба да влезе во записникот, во стенографските белешки и ако настане било каков спор тоа да биде изворно толкуваше.

Што се однесува до основниот предлог на Владата, ако има други амандмани, тоа е друга работа.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на господинот Иван Иванов.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

VIII/3.-

Отворам претрес по амандманот на член 9, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Обрнувам внимание дека членот 9 е комплетно изменет.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Сега може да се побара збор и да се зборува и по предлозите на Владата која на седницата ги усвои и ги достави, како што е измената за електростопанство.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека во делот кога се формираше член 4, јас мислам претседателот на Владата погреши. Треба да биде јасно на Парламентот дека овде се работи за отстапка на една цела гранка, а тоа е електростопанството. Образложението што се даваше и амандманот што на некој начин се поддржа како составен дел на Владата треба да биде децидно јасен дека тоа се однесува за електропроизводството, а не за електропреносот, електродистрибуцијата и т.н. Во спротивно се отвора еден нов процес во кој и те како предлогот што го предлагаше и претседателот на Владата може да излезе под сомневање. И затоа сугерирам тоа да биде разјаснето, а јас лично мислам, би го поддржал за електропроизводството.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Прво, дали постои таква групација?

VIII/4.-

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Таа цела групација е и електродистрибуцијата и електропреносот и производителите. Сите тие се во едно јавно претпријатие електростопанство и сите спаѓаат во едно. Не можеме сега да ги делиме едните од другите. Производството не може да биде добро ако преносот е лош, или дистрибуцијата. Затоа предлагам да не ги двоиме, туку да ги ставиме сите во ист кош и да го прифатиме она што го поддржа Владата.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Ова укажување што го направи господинот Николовски повеќе е толкување на тоа што рекол претседателот отколку некој амандман. Ние немаме амандман од господинот Николовски и затоа тоа што е текст на Владата тоа го земаме така како е даден текстот овде. Немаме предлог за негова измена.

Дали некој друг бара збор?

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Ми се чини дека амандманот на господинот Пановски се однесува на висината на зголемување на лични доходи ставка од 30%, а не се работи за некој дел на поткрепа, поддршка на електростопанството од материјална база, или од вкупни доходи, приходи, или расходи. Согласно на тоа сакам да подвлечам дека сложувањето на Влада е на начин кој не е сериозен со нејзиното реноме, или угледот што сака да го има, или што треба да го има. Еден инкасатор да има рамна плата со години повисока од пратеник и таму пак да се дозволи зголемување на примањата, јас не знам на што тоа личи?

Или ќе почнеме секој од своја позиција да брани ставови, па од Парламентот ќе правиме прав циркус. По се изгледа ние тоа го заслужуваме друго не.

VIII/5.-

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас мислам дека господинот Ешреф Алиу овде изнесува произволни тврдења. Јас тврдам дека еден инкасатор не може и нема поголема плата од пратеник. Дури еден инженер кој што одговара за целиот електросистем на Македонија, кој што ја држи цела Македонија во раце има дупло помала плата од пратеничката. Јас тоа го тврдам.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Јас имам едно конкретно прашање до Владата. Која е логиката работниците од електростопанството да бидат ослободени од овие ограничувања за разлика од сите други работници во Републиката. Зошто само ова да важи за работниците од електростопанство, а не важи за другите? Мислам од сите други дејности ние имаме ограничуван>а, а за електростопанство ќе нема.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Ако може да објаснам. Овде не се работи за иземање на електростопанството од ограничување, но пратеникот Пановски предлага електростопанството да се извлече од член 4, да се префрли во член 3 каде што е стопанството. Тоа Владата го прифати на седница на Влада и тука ништо не можеме. Значи тоа е прифатено и може, односно така треба да се гласа. Инаку, за ваша информација мислам исто така дека не може да се подели, односно да се оддели само производството на електрична енергија со дистрибуцијата, бидејќи тоа е едно претпријатие и нема никаква можност тоа да важи за едните, а за другите, овие од преносот друга мерка.

Така што тоа не може да се подели во никој случај. Инаку други податоци мислам дека нема потреба сега да кажеме какви лични доходи има. Ние



имавме податоци затоа и предложивме во овој член 4. Но пратеникот Пановски го дос тави овој амандман, Владата го прифати и по тоа треба да се гласа

**СТОЈАН АНДОВ**:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (56 пратеници).

Дали има некој против? (5).

Дали некој се воздржува од гласаше? (5).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за исплата на платите, други надоместоци и дивиденди во Републиката.

Минуваме на **точката 11** - Предлог на закон за преземаше на депонираните девизни влогови на граѓаните од страна на Република Македонија.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој, Комиси јата за стопанство и Законодавно- правната комисија ви се поделени

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Амандман поднесоа група пратеници на Реформски сили Либерална партија.

Отворам претрес по амандманот на член 6, став 1 и 2 поднесен од група пратеници на Реформски сили- Либерална партија.

Дали некој бара збор?

VIII/7.-

Владата не го прифати амандманот.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6, став 1 и 2 поднесен од група пратеници на Реформски сили Либерална партија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63).

Дали има некој против? ((Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за преземање на депонираните девизни влогови на граѓаните од страна на Република Македонија.

Почитувани пратеници, ние со ова го исцрпуваме дневниот ред на оваа седница. Денес, вечерва Собранието донесе многу значајни одлуки. Некои од нив се од историски карактер. Истовремено вечерва се усвоени повеќе закони и одлуки со кои се влијае непосредно -на економската политика на голем број граѓани на Република Македонија. Еден добар дел

од овие закони и одлуки се од рестриктивен карактер и го погодуваат стандардот и начинот на живеење на граѓаните. Се разбира тоа ниту е единствена цел и желба на Владата, ниту Собранието има таква намера и има желба така да постапи.

VIII/8.-

Тоа се изнудени одлуки и закони од ситуацијата во која Република Македонија се наоѓа и имаат привремен карактер. Некои од нив можеби до крај и не се погодени како мерка и можеби треба да се дотеруваат. Затоа Владата треба будно да прати, да следи како дејствуваат овие мерки и навреме да превзема мерки што се во нејзина надлежност, а исто така да го информира и Собранието. Би било многу добро и сите би биле задоволни еден дел од мерките како што се ограничувањето, рестриктивниот однос кон патувањата во странство со доведување на уплати во девизи, како што се да кажеме ограничувањата на личните доходи, најавата за зголемување на цените на прехранбените производи и т.н. да не мора да дојде до нив. Но, очигледно е дека еден период пред нас претстои кој ќе биде доста тежок, треба да се поднесе нормално, а Владата е за тоа да види и да следи дали се создаваат точки каде што едноставно на луѓето им е претешко да можат да го поднесат тој товар и дали треба со некои дополнителни мерки да се интервенира. Собранието бидејќи во овие услови не може да престане со работа ниту под било кој изговор, исто така треба будно да следи каков е одразот на мерките од Антиинфлаторната програма. Оттаму ние ќе мораме да ги следиме и реакциите на јавното мислење, реакциите во фирмите, кај работниците, во Стопанската комора и т.н. Во целина земено треба да се сфати дека влегуваме во еден исклучително тежок преоден период и добар дел од мерките се од привремен карактер, но да не се залажуваме дека многу кратко ќе траат.

Пресврт може да доведе само меѓународното признавање на Македонија и отворањето на пазарите на капиталот, пазарите на стоки, транспортните врски и т.н. и од таму оживување на стопанската активност и зголемување на рентабилноста во работењето и во ефектите од нашето работење, а исто така и забрзување на процесот на приватизацијата.

VIII/9.-

Овие напомени сакам да ги дадам заради тоа што знам какво чувство ние сите овде понесуваме дека сме доведени во ситуација да донесуваме рестриктивни мерки кои ги погодуваат луѓето, а свесни сме дека тие лошо ќе бидат примени и лошо некои од нив ќе ги погодат луѓето непосредно.

Со тоа би завршиле, бидејќи дневниот ред е исцрпен.

Ја заклучувам Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Наредната седница Триесет и седма ќе се одржи на 2 9 април со почеток во 10 часот, а Триесет и осмата седница ќе биде во продолжение на таа седница.

Ја заклучувам седницата.

(Седницата заврши во 22 часот).